**1. Закон за животна средина**

**Надлежностите на единиците на локална самоуправа согласно овој Закон се следниве**:

-Обезбедување финансиски средства за заштита на животната средина од нивниот буџет (член 3, став 3);

-Преземање мерки и активности за унапредување на животната средина во рамките на своите надлежности, кои не се во исклучива надлежност на државните органи (начело на супсидијарност – член 11);

-Обезбедување учество на јавноста и пристап до информации, како и вклучување на јавноста во постапката за донесување на одлуки (член 17);

-Привремена или трајна забрана за вршење на определени дејности или промет на определени производи со цел заштита на животот и здравјето на луѓето и на животната средина (член 19);

-Забрана за вршење активности и враќање на животната средина во задоволителна состојба (член 20, став 3);

-Одобрување елаборати преку донесување одлука во рок од 15 календарски дена од денот на прием на елаборатот, со можност за продолжување на овој рок за дополнителни 15 календарски дена во случај на нецелосен елаборат и водење/ ажурирање на регистар на издадени елаборати (член 24); елаборатите се задолжителни за проекти кои не спаѓаат во опфатот на оцена на влијанието врз животната средина но кои имаат локално влијание врз животната средина;

-Известување на јавноста за случаите на надминување на дозволените емисии и во другите случаи на загадување онака како што е предвидено со закон и со статутот на единицата на локална самоуправа и донесување посебен акт за преземање задолжителни мерки за решавање на случаите на надминување на дозволените емисии и/ или загадување во случај загадувањето да е ограничено само на подрачјето на единицата на локална самоуправа (член 26, став 2);

-Формирање локални мрежи за мониторинг што може да се направи по желба („единиците на локална самоуправа можат“); ако бидат формирани, финансирањето на тие мрежи (формирање, функционирање, одржување и развој) ќе се обезбеди од буџетот на единиците на локална самоуправа (член 34) додека податоците од мониторингот ќе бидат бесплатно доставени до МЖСПП (член 37). МЖСПП може да делегира мониторинг на конкретен еколошки медиум (почва, вода, воздух) или подрачје од животната средина (природа, отпад, бучава во животната средина, вибрации, јонизирачко и нејонизирачко зрачење, клима, мириси) на единиците на локална самоуправа или на други државни органи (член 35). Доставените податоци од мониторингот ќе се сметаат за составен дел на Националниот информативен систем со кој управува МЖСПП – Македонски информативен центар за животна средина и деталните правила во врска со содржината, водењето, формата и крајните рокови за

доставување на податоците од мониторингот ќе бидат определени со правилник кој го донесува МЖСПП а кој сè уште не е изготвен/ донесен;

-Формирање и водење Регистар на загадувачи кое може да се направи по желба („единиците на локална самоуправа можат“). Надлежни органи тука се единиците на локална самоуправа, градот Скопје и единиците на локална самоуправа во градот Скопје. Сепак, ако овој Регистар биде формиран тогаш единицата на локална самоуправа секој месец ќе известува до МЖСПП на начин кој ќе биде определен со уредба (член 41). Оваа уредба сè уште не е изготвена/ донесена. Единиците на локална самоуправа можат да го делегираат формирањето и одржување на Регистар на загадувачи на овластени правни лица (член 43); МЖСПП е органот задолжен за водење Регистар за испуштање и пренос на загадувачи кој е составен дел на Катастарот за животна средина. Содржината и начинот на водење на Регистарот ќе бидат пропишани со правилник чија правна основа е членот 41, став 2 од Законот за животна средина. Овој правилник сè уште не е изготвен/ донесен;

-Формирање и водење на Катастар за животна средина што може да се направи по желба („единиците на локална самоуправа можат“). Надлежни органи тука се единиците на локална самоуправа, градот Скопје и единиците на локална самоуправа во градот Скопје. Сепак, ако овој Регистар биде формиран тогаш единицата на локална самоуправа на секои три месеци ќе известува до МЖСПП (член 42, став 5). Единиците на локална самоуправа можат да го делегираат формирањето и одржување на Регистар на загадувачи и Катастар за животна средина на овластени правни лица (член 43);

-Изготвување на извештај за состојбата на животната средина што може да се направи по желба („единиците на локална самоуправа можат“). Надлежни органи тука се единиците на локална самоуправа, градот Скопје и единиците на локална самоуправа во градот Скопје. Во случај единиците на локална самоуправа да одлучат да изготват ваков извештај, тие ќе ги применуваат одредбите за јавен пристап до информации за животната средина и ќе го достават готовиот извештај до МЖСПП на одобрување (член 45);

-Извори на податоци и информации за целите на изготвување на Годишниот извештај, Извештајот со индикатори за животната средина (кој се изготвува на секои две години) и Извештајот за состојбата на животната средина (кој се изготвува на секои четири години) – сите три ги изготвува МЖСПП – согласно Правилникот за форма, содржина, цели и начин на изготвување и вид на извори на податоци кои се користат за изготвување на извештајот, како и начин на оценување на извештајот (Службен весник бр. 81/10);

-Промовирање развој на едукацијата и јавната свест за прашања поврзани со животната средина (член 48). Надлежни органи тука се единиците на локална самоуправа, градот Скопје и единиците на локална самоуправа во градот Скопје;

-Примена на одредби за јавен пристап до информации за животна средина, согласно барањата од Делот VIII на Законот за животна средина (членови 51-58). Единиците на локална самоуправа имаат обврска да прибираат, чуваат и ажурираат информации за

животната средина во делот од нивна надлежност, да определуваат лица задолжени за имплементација на правилата за пристап до информации од животната средина и да ги одржуваат информациите за животна средина кои тие самите ги чуваат или некој друг го прави тоа во нивна полза, во формат кој е спремен за репродукција и до кој може да се пристапи преку компјутерски телекомуникации или други електронски средства;

-Изготвување и усвојување ЛЕАПи на секои 6 години, имплементација на ЛЕАПи и формирање тело задолжено за мониторинг на имплементацијата на усвоените ЛЕАПи, предлагајќи измени и известувајќи еднаш годишно до МСЖПП (член 60). Надлежни органи тука се единиците на локална самоуправа, градот Скопје и единиците на локална самоуправа во градот Скопје. МЖСПП ќе усвои методологија за изготвување на ЛЕАПи; според информациите кои ги имаме методологијата за ЛЕАПи сè уште не е формално донесена. Освен тоа, единиците на локална самоуправа можат да ги определуваат правилата за начинот на доставување на податоци од правни и физички лица кои се определени како лица задолжени за имплементација на ЛЕАП донесен од единицата на локална самоуправа (член 62);

-Имплементација на Националниот еколошки акционен план и известување до МЖСПП согласно правилникот кој ќе биде донесен од МЖСПП (член 63). Правилникот сè уште не е изготвен/ донесен. Надлежни органи за известување до МЖСПП се единиците на локална самоуправа, градот Скопје и единиците на локална самоуправа во градот Скопје.

-Спроведување постапка за стратегиска оцена на животната средина за планските документи за кои е задолжителна ваква постапка (определено во Уредбата за стратегиска оцена на животната средина која ја усвојува Владата) и скрининг во случај стратегиската оцена на животната средина да не е задолжителна, заедно со доставување одлука за иницирање или на постапка за започнување со стратегиска оцена на животната средина, заедно со целата неопходна документација до МЖСПП (член 65). Надлежни органи тука се единиците на локална самоуправа, градот Скопје и единиците на локална самоуправа во градот Скопје. Во случај единицата на локална самоуправа да донела одлука да не иницира стратегиска оцена на животната средина или во случај обемот за стратегиска оцена на животната средина во донесената одлука за започнување постапка за стратегиска оцена на животната средина не е доволен, МЖСПП ќе донесе задолжителна одлука за единицата на локална самоуправа да изготви стратегиска оцена на животната средина/ да го определи нејзиниот обем, во рок од 15 дена од приемот на документацијата (во случај МЖСПП да не постапи вака, правно ќе се смета дека МЖСПП нема никакви забелешки). Мора да се каже дека постапката за стратегиска оцена на животната средина ја спроведува градоначалникот. Сите акти во постапката за стратегиска оцена на животната средина ги донесува градоначалникот а не Советот на единицата на локална самоуправа. Советот е надлежното тело за донесување на планот/ програмата;

-Доставување мислења до МЖСПП за обемот на оцената за влијанието врз животната средина за проекти кои ќе биде имплементирани на нивното подрачје, не подоцна од 15 календарски дена од приемот на барањето за консултации (член 82) и доставување

мислење до МЖСПП за студијата за оцена на влијанието врз животната средина најдоцна во рок од 30 календарски денови од денот на објавување на студијата за оцена на влијанието врз животната средина (член 83). Надлежни органи тука се единиците на локална самоуправа, градот Скопје и единиците на локална самоуправа во градот Скопје. Единиците на локална самоуправа ќе му ги достават на инвеститорот сите релевантни податоци потребни за изготвување студија за оцена на влијанието врз животната средина (член 83). МЖСПП ќе го испрати Извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина до единиците на локална самоуправа на чие подрачје е предвидено да се имплементира проектот (член 86). МЖСПП има обврска да донесе одлука да одобри или одбие согласност до единицата на локална самоуправа, при што единицата на локалната самоуправа нема да издаде дозвола/ одлука/ лиценца пред МЖСПП да ја донесе горенаведената одлука (член 88);

-Доставување мислење до МЖСПП за барањето за издавање А-ИКСЗ дозвола во рок од 30 календарски денови од единиците на локална самоуправа и градот Скопје, освен за единиците на локална самоуправа во градот Скопје (член 100). На писмено барање на единицата на локална самоуправа, МЖСПП има обврска да ги достави сите документи неопходни за изготвување мислење, под правна претпоставка дека единицата на локална самоуправа нема забелешки ако тоа мислење не биде доставено. Единицата на локална самоуправа може да организира јавна расправа во врска со барањето (член 100) (по желба: „единицата на локална самоуправа може...“). Единицата на локална самоуправа ќе биде информирана од МЖСПП за обврската која инвеститорот ја има да организира јавна дискусија, ако инвеститорот има таква обврска (член 103). Единицата на локална самоуправа ќе го информира Министерството за надворешни работи за тековната постапка за издавање на А-ИКСЗ дозвола во соседна држава, ако таквите информации станат достапни (член 102). МЖСПП има обврска да ја достави А-ИКСЗ дозволата која била издадена до единицата на локална самоуправа каде се наоѓа инсталацијата (член 108);

-Издавање Б-ИКСЗ дозволи за нови инсталации, или значителни измени на постојни инсталации, во рок од 60 календарски денови од датумот на доставување на барањето и определување едно лице за изготвување Б-дозволи (членови 123 и 126). Единиците на локална самоуправа можат да воведат заедничко управување со цел издавање Б дозволи (член 123, став 4). Надлежни органи за издавање на Б-ИКСЗ дозволи се единицата на локална самоуправа и градот Скопје, освен единиците на локална самоуправа во градот Скопје;

-Издавање дозвола за усогласување со оперативен план за постојни инсталации кои, според активноста која ја вршат, подлежат на режимот за издавање Б-ИКСЗ дозволи (член 134 и 135). Надлежни органи за ваква активност се единиците на локална самоуправа и градот Скопје, освен единиците на локална самоуправа во градот Скопје;

-Изготвување и донесување надворешен план за вонредни состојби врз основа на внатрешен план за вонредни состојби, при што вториов го изготвува операторот и го доставува до МЖСПП и до единицата на локална самоуправа (член 148) и доставување на надворешните планови за вонредни состојби до МЖСПП во рок од 15 календарски

денови од денот на донесувањето (член 154). Операторите на нови инсталации кои користат опасни супстанции ќе ги известат МЖСПП и единицата на локална самоуправа, не подоцна од 3 месеци пред почетокот на изградбата или ставањето во функција на новиот систем, додека операторите на постојни инсталации кои користат опасни супстанции имаат обврска тоа да го направат не подоцна од една година од датумот на почеток на примена на Главата XV од Законот за животна средина (2011). Единицата на локална самоуправа има право да пристапи во регистарот на системи кои користат опасни супстанции (член 152) и има обврска да овозможи јавен пристап до надворешниот и внатрешен план за вонредни состојби (член 154). Единиците на локална самоуправа имаат обврска да ги ревидираат надворешните планови за вонредни состојби во период не подолг од три години од датумот на донесување (член 154, став 9). Единиците на локална самоуправа имаат обврска во просторното и урбанистичко планирање да ги земат предвид инсталациите кои користат опасни супстанции (член 155);

-Остварување на правото да се бара реституција на еколошка штета/ надомест во случаи кога е предизвикана еколошка штета врз јавниот интерес или врз заштитени подрачја (член 159);

-Остварување на правото за користење средства од годишната Програма за инвестирање во животната средина (член 173);

-Донесување на локална Агенда 21 како стратешки, плански и програмски документ за одржлив развој, кој општината го донесува по желба („единиците на локална самоуправа можат...“) (член 186 став 3);

-Вршење овластени инспекции за животна средина од страна на локални инспектори (член 194, став 3, членови 201, 202, 203, 204-а, 206, 208), изготвување тримесечни извештаи за реализираните инспекции и нивно објавување на интернет страницата (член 209), изготвување годишен извештај за вршење инспекции и доставување на тој извештај до МЖСПП на усвојување (член 209, став 3), доставување на сите податоци и документација до Државниот инспекторат за животна средина, објавување на донесените инспекциски акти на интернет страницата на единицата на локална самоуправа во рок од 3 работни дена од нивното усвојување (член 209, став 8). Градоначалникот на единицата на локална самоуправа ја одобрува годишната програма за работа за овластените инспектори за животна средина (локални инспектори) организирани како организациски единици во рамките на единицата на локална самоуправа за наредната година, не подоцна од 15 декември од тековната година (член 15, став 11 од Законот за инспекциски надзор).

**МЖСПП врши административен надзор врз имплементацијата на сите надлежности на единиците на локална самоуправа во заштитата на животната средина (член 210). Станува збор за важна надлежност на МЖСПП која се однесува на работењето на единиците на локална самоуправа.**

**2. Закон за квалитет на амбиентниот воздух**

**Надлежности на единиците на локална самоуправа согласно овој Закон се следниве:**

-Изготвување програма за зони и агломерации утврдени како приоритет (дефинирани како такви во Националниот план за заштита на квалитетот на амбиентниот воздух зависно од степенот на надминување на граничните вредности за квалитет и зависно од опасноста која му се заканува на човековото здравје). Органи надлежни за изготвување на оваа програма се единиците на локална самоуправа и градот Скопје, освен единиците на локална самоуправа во градот Скопје, во соработка со МЖСПП; надлежен орган за усвојување на оваа програма е Владата на Република Македонија (член 29);

-Изготвување план за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух (член 23, став 1, точка 2 и член 26). Органи надлежни за изготвување на овој план се единиците на локална самоуправа и градот Скопје (освен единиците на локална самоуправа во градот Скопје) во соработка со МЖСПП. Обврската за информирање на јавноста за изготвување и усвојување на планот им е дадена на единиците на локална самоуправа. Планот ќе опфати период од пет години;

-Изготвување краткорочен акциски план за заштита на амбиентниот воздух (член 23, став 1, точка 3 и член 27-а) кога се надминуваат граничните вредности. Органи задолжени за изготвување на овој план се единиците на локална самоуправа и градот Скопје (освен единиците на локална самоуправа во градот Скопје) во соработка со Министерството за здравство и МЖСПП;

-Соработка со други државни тела, научни и стручни организации, вклучувајќи и правни и физички лица кои се сопственици/ корисници на инсталации кои се извори на загадување во процесот на изготвување на планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух и краткорочен акциски план за заштита на амбиентниот воздух (член 32). Органи задолжени за ваквата соработка се единиците на локална самоуправа и градот Скопје, освен единиците на локална самоуправа во градот Скопје;

-Преземање мерки за информирање на јавноста и давање пристап до информации и учество во изготвувањето и донесувањето плански документи (член 33). Органи задолжени за овие активности се единиците на локална самоуправа и градот Скопје, освен единиците на локална самоуправа во градот Скопје;

-Годишно известување за имплементацијата на планските документи усвоени од единиците на локална самоуправа и градот Скопје, освен единиците на локална самоуправа во градот Скопје, до МЖСПП (член 34) и објавување на планските документи од страна на единиците на локална самоуправа и градот Скопје, освен единиците на локална самоуправа во градот Скопје (член 50, став 3);

-Информирање за другите мерки за управување со квалитетот на амбиентниот воздух како и мерки и активности насочени кон подобрување на општата ситуација на подрачјето на единицата на локална самоуправа кои биле имплементирани во претходната година, заедно со активностите планирани за следната година (член 50, став 3);

-Формирање локална мрежа за мониторинг по претходно мислење на МЖСПП – Управа за животна средина (член 39), кое се спроведува по желба на единиците на локална самоуправа („може“). Ако бидат формирани, тогаш се известува до МЖСПП – АЕ согласно предвидените правила и бесплатно (член 44);

-Мониторинг на емисиите во воздухот од Б-инсталациите и предлагање мерки до Б инсталациите за спречување или ублажување на емисиите во воздухот (член 46);

-Операторите на Б-инсталации ќе известуваат до МЖСПП, единиците на локална самоуправа и градот Скопје, освен единиците на локална самоуправа во градот Скопје, не подоцна од 30 календарски денови, за изворот на загадување на амбиентниот воздух, суровините, технолошките процеси, уредите, како и за претстојните промени во суровините и технолошките процеси кои ќе доведат до промена на условите и барањата поврзани со обезбедување квалитет на амбиентниот воздух, активности за поправка на уредите и опремата за прочистување на воздухот, измени во обемот на активноста и за сите други измени во функционирањето на инсталација и лицата задолжени за заштита на животната средина (член 60);

-Обезбедување финансиски средства за заштита и подобрување на квалитетот на воздухот т.е. изготвување и имплементација на план за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух и евентуален краткорочен акциски план за заштита на амбиентниот воздух, за имплементација на активностите во приоритетните зони и агломерации определени во членот 29 и за други мерки кои се преземаат согласно Законот за квалитет на амбиентниот воздух (член 64, став 2) како и за локални мрежи за мониторинг (член 64, став 3);

-Информирање на јавноста за мерките преземени и за секое надминување на праговите за тревога (член 32, став 3 и член 50, став 6);

-Инспекција на спроведувањето која ја вршат овластени инспектори за животна средина (член 65, став 3 и член 68);

-Извршување контроли по случаен избор врз емисиите од мобилни извори на загадување, кои ги вршат овластени инспектори за животна средина во соработка со надлежниот орган за определување на техничката подготвеност на мобилните извори на загадување (член 65, став

**3. Закон за управување со отпадот**
**Надлежности на единиците на локална самоуправа согласно овој Закон се следниве**

-Донесување и спроведување на плански документи за управување со отпадот (План за управување со отпадот за единиците на локална самоуправа, Програма за управување со отпадот, Регионален план за управување со отпадот) и имплементација на постапка за стратегиска оцена на животната средина за тие плански документи (изготвување извештај за стратегиската оцена на животната средина, негово доставување до МЖСПП и други мерки, членови 15, 18, 18

-Управување со комунален и друг вид неопасен отпад, на начин утврден во членот 22 (водење сметка за чистотата на јавните простори и напуштен отпад, донесување акти за регулирање на селекцијата, собирањето и транспортот на комунален и други видови неопасен отпад, соработка или здружување со други единици на локална самоуправа и градот Скопје, имплементирање на проекти и инвестиции, делување согласно општите правила за управување со комунален и други видови отпад). Две или повеќе единици на локална самоуправа можат да донесат заедничка програма за управување со комунален и други видови на отпад;

-Годишно известување до МЖСПП во врска со имплементација на Програмата за управување со отпадот, најдоцна до 28 февруари (член 23); Правните и физички лица кои во вршењето на својата дејност создаваат повеќе од 200 килограми опасен отпад и/или повеќе од 150 тони неопасен отпад се должни да изготват годишна Програма за управување со отпад и да ја достават до единицата на локална самоуправа, градот Скопје и МЖСПП најдоцна во месец септември во тековната година (член 21). Содржината на оваа Програма е утврдена во членот 21.
Горенаведените органи можат да побараат измени на оваа Програма во случај да не е усогласена со Националниот план за управување со отпад и Националната програма за управување со отпад.

-Заедничко управување со отпадот (регионален пристап) на начин што сите единици на локална самоуправа во регионот (кој е определен со Националниот план за управување со отпад) склучуваат договор за формирање на регионален систем за управување со отпад (член 23-а); единицата на локална самоуправа ќе го информира МЖСПП за одлуката за формирање регионален систем за управување со отпад во рок од 30 календарски денови од донесување на таа одлука и ќе ги достави усвоените акти до МЖСПП. Во случај единицата на локална самоуправа да не склучи договор за формирање регионален систем за управување со отпад и со тоа да го поткопа остварувањето на целите за управување со отпад зацртани во националните План и Стратегија за управување со отпад, МЖСПП ќе донесе одлука со која ѝ се налага на единицата на локална самоуправа да го склучи тој договор во предвидениот рок;

-Одобрување локации на инсталации за складирање и третман (локациите ќе бидат надвор од населени места/ согласно планската и урбанистичка документација) (одобрувањето на локацијата од страна на единиците на локална самоуправа, градот Скопје и единиците на локална самоуправа во градот Скопје е задолжителен предуслов за издавање на дозволата за складирање и третман од страна на МЖСПП (член 32))

-Определување на локации на кои можат да се изградат/ лоцираат претоварни станици (член 37);
-Прибирање податоци од правни и физички лица задолжени за собирање и транспорт на комунален и друг вид на неопасен отпад и известување до МЖСПП најдоцна до 31 март (член 39);

-Одржување чистота на јавни места и ракување со напуштен отпад на јавни и сообраќајни места (член 41);

-Определување правила за управување со комуналниот и другите видови неопасен отпад и определување локации за собирање и селектирање на комуналниот отпад и опасен отпад одвоен од комуналниот отпад. Единиците на локална самоуправа ќе следат/ вршат инспекции дали се имплементираат утврдените правила или не (членови 43 и 44).

-Остварување на јавната услуга со локална важност (собирање и транспорт на комуналниот отпад, одржување на јавната чистота, третман на комуналниот отпад, ракување и одржување на местата за селективно собирање на комуналниот отпад) (член 46). Членот 47 ја дава правната основа за донесување правни акти од страна на единиците на локална самоуправа и градот Скопје за регулирање на горенаведените услуги и ги содржи работите кои ќе бидат регулирани со тие правни акти;

-Формирање јавно претпријатие или заедничко јавно претпријатие за собирање, транспорт и/ или третман на комуналниот и на другите видови неопасен отпад или доверување на оваа услуга на правни или физички лица согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство (член 46). Јавните претпријатија ќе се усогласат со правилата определени во разни правилници кога ќе аплицираат за дозвола;

-Определување локации за третман и депонирање на инертниот отпад согласно плановите за управување со отпад на единиците на локална самоуправа и просторните и урбанистички планови (член 54) и определување на локации за собирни места и инсталации за третман на возилата кои се на крајот од својот работен век (член 3 од Правилникот за искористени возила објавен во Службен весник бр.108/09, 164/10, 114/14);

-Прибирање идентификациски формулар и за отпад од правни и физички лица кои управуваат со индустриски неопасен отпад (член 56);

-Основање на депонија за неопасен и инертен отпад, под услов да е во согласност со Националниот план за управување со отпад, преку доставување барање до МЖСПП (формуларот и содржината на барањето се пропишани од МЖСПП). Две или повеќе единици на локална самоуправа можат заеднички да основаат депонија за неопасен и инертен отпад под услов да бидат исполнети горенаведените услови и плус ако е склучен договор помеѓу соодветните единици на локална самоуправа (член 80);

-Според членот 30 од Законот за управување со отпадот, инсталациите за складирање, третман, преработка и депонирање на отпад ќе подлежат на процедурите за оцена на влијанието врз животната средина и интегрирано спречување и контрола на загадувањето. На инвеститорот нема да му биде издадена градежна дозвола освен ако не достави одлука за одобрување на студијата за оцена на влијанието врз животната средина;

-Мониторинг на неопасниот отпад и известување до МЖСПП согласно Програмата за мониторинг на управувањето со отпад донесена од МЖСПП; неколку единици на локална самоуправа можат да формираат заедничко управување за целите на

мониторинг или да делегираат таков мониторинг на правно или физичко лице; овие аранжмани ќе бидат дефинирани со договор (член 108);

-Управување со информативен систем на локално ниво за да се овозможи прибирање и презентирање на податоци за општата состојба во врска со управувањето со неопасен отпад, обработка на собраните податоци и доставување на истите до МЖСПП (член 113). Информативниот систем на локално ниво ќе биде дел од Информативниот систем за животна средина;

-Надлежност која единиците на локална самоуправа можат да ја спроведат по желба е воспоставување катастар на создавачи на неопасен отпад на нивното подрачје („единицата на локална самоуправа може...“). Ако биде воспоставен, Катастарот ќе биде дел од Катастарот за животната средина кој го води МЖСПП и дел од Информативниот систем за животна средина;

-Објавување програми за управување со неопасен отпад, информација за количеството на создаден отпад, мерки, активности и начин за подобрување на општата состојба на управување со отпадот согласно подзаконски акт усвоен од МЖСПП (член 117);

-Информирање на јавноста за моменталната состојба во управувањето со отпад, остварениот напредок, идни планови и насоки за подобрување и споредба, заедно со проценка на сегашната и на минатата состојба во управувањето со отпадот (член 118);

-Финансиска имплементација на плановите и програмите на единиците на локална самоуправа за управување со отпад, од нивните буџети, од донации, заеми, надоместоци, казни од сторени прекршоци изречени на нивната територија и други извори на средства утврдени со закон (член 120, став 2);

-Финансирање за изградба на депонии за неопасен отпад и инертен отпад од буџетите на единици на локална самоуправа, правни и физички лица кои управуваат со отпад, од кредити, заеми, грантови и други извори на средства утврдени со закон (член 120, став 3);

-Одобрување на цената за депонирање на комунален или други видови на неопасен отпад определена со тарифите на операторот на депонијата (член 90 од Законот за управување со отпад). Тарифата се објавува во службен весник на единиците на локална самоуправа;

-Одобрување на цената за собирање и транспорт на комуналниот отпад во случаи кога давател на услугата е јавно претпријатие формирано од единиците на локална самоуправа (член 121). Кога се определува цената на услугата, единиците на локална самоуправа ќе определат стимулативни цени за домаќинствата, правните и физички лица кои врз основа на воспоставени системи за селектирање на отпад ја намалуваат вкупната количина на отпад наменет за депонирање на депонија (член 121, став 6). Цените се пресметуваат согласно Методологијата за пресметување на цената за собирање, транспорт и депонирање на отпадот (Службен весник бр. 30 /13);

-Единиците на локална самоуправа можат да воведат надоместок за управување со отпад во висина од 1% до 2% од цената за извршена услуга за собирање и транспорт на комуналниот отпад. Собраните средства се сметаат за приход на буџетот на единиците на локална самоуправа и се користат за целите утврдени со членот 123, став 5 (член 123). Наплатените казни исто така се сметаат за приход на буџетот на единиците на локална самоуправа (член 124);

-Инспекција на имплементацијата и примената на овој закон на локално ниво од страна на овластени инспектори за животна средина (членови 126 и 129).

**Надлежности на единиците на локална самоуправа согласно *законите кои се однесуваат на конкретни видови отпад* се следниве:**

**Закон за управување со пакување и отпад од пакување**

-Информирање на јавноста за местата за собирање и центрите за отпад од пакување (член 23, став 3);

-Организирање одвоено собирање на отпад од пакување кој е комунален отпад (член 26);

-Склучување договор со правно лице за ракување со отпад од пакување (член 26);

-Активности за надзор врз единиците на локална самоуправа за надлежностите кои тие ги имаат, реализирани од страна на овластени инспектори за животна средина (член 44, став 4; членови 48 и 49);

-Надзор од страна на комуналните инспектори на единиците на локална самоуправа врз незаконското постапување со отпадот од пакување кој не е комунален отпад (член 44, став 6));

-Делување по барање за надзор (член 44-а).

**Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема**

-Организирање одделно собирање на отпадната опрема, овластување собирач на отпадна опрема од домаќинствата и определување и организирање места, односно локации за одделно собирање на отпадна опрема од домаќинствата, во собирни центри на целото подрачјето на единицата на локална самоуправа каде што крајните корисници ќе можат отпадната опрема од домаќинствата бесплатно да ја предаваат. При определување на местата и локациите на собирните центри треба да се земе предвид бројот на жителите во населеното место, при што треба да се обезбеди најмалку еден собирен центар на ниво на единица на локална самоуправа, односно најмалку по еден собирен центар за 30.000 жители. Собирните центри ги вклучуваат и

постојните места и локации за собирање на одвоено собрани фракции на комунален отпад, доколку се исполнат условите утврдени со Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема (член 25);

-Во соработка со правното лице за управување со електричен и електронски отпад да ја известува јавноста за адресите на собирните центри кои постојат во подрачјето на таа општина (член 36);

-Инспекциски активности во рамките на надлежностите на единиците на локална самоуправа, од страна на овластени инспектори за животна средина (локални инспектори) на единиците на локална самоуправа (член 47); овластени инспектори за животна средина и комунални инспектори можат да побараат соработка од Министерството за внатрешни работи кога вршат инспекција (член 48);

-Инспекција над незаконското постапување со електричен и електронски отпад од страна на граѓаните и негово оставање или предавање како несортиран комунален отпад, која ја вршат комуналните инспектори на единиците на локална самоуправа (член 47);

-Донесување Годишна програма за инспекција и нејзино доставување до МЖСПП (член 48);

-Водење евиденција за инспекциите извршени од страна на овластени инспектори за животна средина и комунални инспектори, изготвување на тримесечни извештаи за извршени инспекции и нивно објавување на интернет страницата на единицата на локална самоуправа, согласно Законот за животна средина (член 50);

-Примена на одредби од Законот за електричен и електронски отпад, Законот за инспекциски надзор, Законот за животна средина и Законот за управување со отпад од страна на овластени инспектори за животна средина и комунални инспектори при вршење на инспекции (член 58).

**Закон за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори**

-Во соработка со правните лица задолжени за постапување со отпадни батерии и акумулатори, информирање на јавноста на соодветни места за локациите на собирните места кои се наоѓаат на подрачјата на единиците на локална самоуправа (член 27);

-Определување места за поставување контејнери за одвоено собирање на батерии и акумулатори на нивното подрачје и организирање системи за собирање и времено складирање на отпадни батерии и акумулатори и нивно предавање за третман, повторна употреба и/ или рециклирање. Единиците на локална самоуправа ќе ги спроведат овие обврски во соработка со правните лица задолжени за ракување со отпадните батерии и акумулатори. Во изготвувањето на нивните програми и акти за управување со отпад, единиците на локална самоуправа ќе ги земат предвид зацртаните цели за батерии и акумулатори (член 29);

-Учество во изготвување на Програмата за управување со батерии и акумулатори (член 36);

-Инспекциски активности за кои се надлежни единиците на локална самоуправа и кои ги спроведуваат овластени инспектори за животна средина (локални инспектори) на единиците на локална самоуправа (член 43); овластените инспектори за животна средина и комуналните инспектори можат да побараат помош од Министерството за внатрешни работи при вршењето на инспекција (член 44);

-Инспекција врз незаконско ракување со отпадни батерии и акумулатори од страна на граѓаните, како што се одлагање или предавање на батерии и акумулатори како несортиран комунален отпад. Инспекцијата ја вршат комунални инспектори на единиците на локална самоуправа (член 43);

-Водење евиденција за извршените инспекции од страна на овластените инспектори за животна средина и комуналните инспектори, изготвување тримесечни извештаи за реализираните инспекции и нивно објавување на интернет страницата на единиците на локална самоуправа, согласно Законот за животна средина (член 44);

-Примена од одредбите од Законот за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, Законот за инспекциски надзор, Законот за животна средина и Законот за управување со отпад при вршењето на инспекциите (член 51).

**Закон за водите**
**Надлежности на единиците на локална самоуправа согласно овој Закон се следниве**:

-Управување со водите, крајбрежното земјиште и водните живеалишта што е во надлежност на органите на државна управа, освен во случаите во кои се надлежни единиците на локална самоуправа согласно Законот за водите (член 8);

-Извршување надлежности во планирањето на водите и тоа:
Учество во работата на Советот за управување со подрачјето на речен слив (секој градоначалник назначува еден претставник во Советот за управување со подрачјето на речен слив), согласно членот 223 и Уредбата за структурата, начинот на членство и номинирање претставници во советите за управување со подрачјата на речни сливови и во советите за управување со подрачјата на речни сливови за делови од речни сливови, како и нивно работење (Службен весник бр.106/13);

-Учество во постапката за стратешка оцена на животната средина/ консултации со јавноста при изготвувањето на План за управување со подрачје на речен слив, како и обврска за имплементација на дополнителните детални планови/програми содржани во Планот за управување со подрачјето на речен слив, ако ги има (Правилник за содржината и начинот на изготвување планови за управување со подрачје на речен слив -Службен весник бр.148/09);

-Имплементација на обврските кои произлегуваат од Програмата на мерки. Содржината на оваа Програма е определена со Правилникот и методологијата за изготвување на Програма на мерки (Службен весник бр.148/09).

-Единиците на локална самоуправа можат да бидат носители на водните права, под услови и на начин определени со Законот за водите. Водното право се дефинира како: право на користење на водата од водните тела и право на испуштање на водата во водни тела (член 24). Водното право се стекнува врз основа на дозвола за користење на водите и дозвола за испуштање на водите, како што е предвидено во Законот за водите (член 26, став 1) или врз основа на наследство (член 26, став 3).

-Објектите и инсталациите кои подлежат на режимот на издавање Б-ИКСЗ дозволи мора да обезбедат дозвола за користење на водите и дозвола за испуштање на водите од МЖСПП, согласно постапката предвидена во Законот за води. Иако дозволата за користење на водите и дозволата за испуштање на водите за објекти и инсталации кои подлежат на режимот на издавање А -ИКСЗ дозволи се добива во постапка предвидена во Законот за животна средина и е интегрирана во А-ИКСЗ дозволата (Закон за животна средина, член 28, ставови 5 и 6; член 79, став 4), дозволата за користење на водата и испуштање на водата не е интегрирана во Б-ИКСЗ дозволата (т.е. операторите на Б-ИКСЗ инсталациите ќе аплицираат до МЖСПП за издавање дозвола за користење на водите и испуштање на водите); Б-ИКСЗ дозволите за инсталации во заштитени подрачја ги издава МЖСПП и во овие случаи ИКСЗ дозволата ги вклучува и дозволите за водите;

-Доставување мислења во писмена форма во однос на барањата за издавање дозволи за користење на водите/ испуштање на водите до МЖСПП во рок од 15 календарски дена од датумот на доставување (член 36) затоа што МЖСПП има обврска веднаш и без одлагање да достави еден примерок од барањето за издавање дозвола за користење на водите/ испуштање на водите до единицата на локална самоуправа на чија територија ќе биде изграден објект/ инсталација (член 33, став 4); ако единицата на локална самоуправа не достави мислење ќе се смета дека се согласува (МЖСПП нема обврска да го земе предвид ова мислење но треба да ги образложи причините зошто не го зела предвид мислењето);

-Единиците на локална самоуправа имаат обврска од МЖСПП да обезбедат дозвола за испуштање на отпадни води или испуштање или фрлање на материјали и супстанции во водите кои се реципиенти (член 79);

-Донесување одлука за потребата од определување на заштитна зона во смисол на членот 96, став 1, со оглед на тоа дека единицата на локална самоуправа може да даде индикации и да ги проследи истите до МЖСПП (член 96);

-Вклучување на карти на заштитни зони за вода за пиење во катастарите и урбанистичките планови на единиците на локална самоуправа (член 98);

-Демаркирање на зоните за капење (заштитни зони за водни тела означени како рекреативни води, вклучувајќи ги водите за капење определени согласно членот 96 кои

мора да бидат вклучени како минимум) и преземање мерки за заштита на водите за капење од загадување согласно членот 104 (член 101);

-Изградбата на постројки и објекти или било кои работи и активности што опфаќаат преработка, постапување, складирање, депонирање или транспорт на опасни материи и супстанции и цврст или течен отпад се забранува во крајбрежните земјишта, освен ако поинаку не е определено со Законот за водите. Единиците на локална самоуправа ќе ја имплементираат оваа забрана во процесот на урбанистичко планирање (член 105);

-Собирање, одведување и пречистување на отпадните води што произлегуваат или се создаваат на подрачјето на единицата на локална самоуправа, вклучувајќи го и отстранувањето на тињата (член 113), обезбедувајќи дека отпадните води кои се испуштаат се соодветно третирани, дека се изградени инсталации и дека истите соодветно се одржуваат и користат и дека повторното искористување на водата и тињата се врши согласно законските одредби;

-Изготвување нацрт програма за одведување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води и донесување на вакви програми (член 114). Врз основа на нацрт програмите, МЖСПП и Министерството за транспорт и врски изготвуваат нацрт програма за одведување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води и истата ја доставуваат до Владата на усвојување;

-МЖСПП, заедно со Министерството за транспорт и врски и единиците на локална самоуправа, имаат обврска да обезбедат дека ефлуентите од индустриските отпадни води кои влегуваат во системот за собирање и прочистување на урбаните отпадни води се подложни на потребниот пред-третман (член 116);

-Јавното комунално претпријатие ќе ги определени цените за собирање на урбаните отпадни води, со претходна согласност од својот основач (обично единиците на локална самоуправа) со користење на методологијата која се заснова на критериумите определени во Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбаните отпадни води (Службен весник бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15). Оваа методологија е усвоена од Министерството за транспорт и врски (член 6 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбаните отпадни води).

-Јавното државно претпријатие „Водостопанство“ А.Д. и јавните претпријатија „Хидро Злетовица“, „Стрежево“ и Хидро Лисиче“, формирани од Владата на Република Македонија, ќе обезбедат одведување на испуштените води од објекти и инфраструктурни објекти, под услов тие да се вклучени во системот за одвод (систем за наводнување и одводнување за кој е надлежно „Водостопанство“ А.Д.). За оваа цел, „Водостопанство“ А.Д. и/ или нејзините подружници ќе склучат договор за одведување на испуштените води со правни и физички лица, државни тела и институции, единици на локалната самоуправа, сопственици или корисници на стакленици, хали, други комерцијални и индустриски објекти, владини и индивидуални објекти, дворови, паркови, патишта, аеродроми, итн.) а тарифата ќе биде определена согласно Законот за водостопанства;

-Единиците на локална самоуправа се надлежни за заштита од поплави и други штетни дејствија на водата во урбани подрачја (член 123). Заштитата од штетните ефекти на водата вклучува активности и мерки за заштита и одбрана од поплави, заштита од ерозии и порои, одбрана од замрзнување на површински водни тела, како и отстранување на последиците од таквите штетни дејства на водите. „Водостопанство“ А.Д. и јавните претпријатија „Хидро Злетовица“, „Стрежево“ и Хидро Лисиче“, формирани од Владата на Република Македонија, ќе бидат надлежни за изградба и одржување на објекти за заштита од поплави, заштита на водите од други штетни ефекти и регулирање и одржување на речните корита и канали за подрачјето за кое тие се надлежни (член 123 и член 10 од Закон за водостопанства);

-Изготвување и усвојување локална програма за заштита од штетното дејство на водите (член 124);

-Изготвување и донесување на оперативни планови за заштита од поплави (член 126 од Законот за водите), кои мора да бидат одобрени од МЖСПП, Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи (член 126, став 8). Освен тоа, „Водостопанство“ А.Д. ќе биде задолжено за заштита и одбрана од поплави и за заштита од други штетни дејствија на водите во подрачјето опфатено со негова активност, вклучувајќи и развој и одржување на речните корита и канали за подрачјето за кое тоа е надлежно (член 123, став 2); единиците на локална самоуправа како и „Водостопанство“ А.Д. и јавните претпријатија „Хидро Злетовица“, „Стрежево“ и Хидро Лисиче“, формирани од Владата на Република Македонија, имаат обврска да известуваат до МЖСПП (член 130);

-Единиците на локална самоуправа, градот Скопје и единиците на локална самоуправа во градот Скопје кои управуваат со брани и акумулации и со заштитни насипи, се должни овие објекти да ги користат и одржуваат на начин што обезбедува прифаќање на поплавните бранови, како и обезбедување на нивна заштита од елементарни непогоди (член 129);

-Единиците на локална самоуправа ќе ги определат крајбрежните појаси во населените места, со претходна согласност од МЖСПП (член 131, став 2). Единиците на локална самоуправа ќе го регулираат пристапот до крајбрежните појаси на реки, езера и акумулации за спорт и рекреација (член 132);

-Единиците на локална самоуправа ќе прават проценка еднаш годишно (до крајот на септември), за тоа дали водотеците на подрачјето под нивна надлежност се во состојба да предизвикаат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата и дали прописите за контрола на поплави целосно се почитуваат ; ова е заедничка обврска заедно со МЖСПП, „Водостопанство“ А.Д. и јавните претпријатија „ Хидро Злетовица“, „Стрежево“ и Хидро Лисиче“, формирани од Владата на Република Македонија (член 133);

-Единиците на локална самоуправа заедно со „Водостопанство“ А.Д. и јавните претпријатија „Хидро Злетовица“,„Стрежево“ и Хидро Лисиче“, формирани од Владата

на Република Македонија, се задолжени за спречување на ерозијата. Во прв ред, тие ќе ги определат границите на ерозивното подрачје и на подрачјето кое е под закана од ерозија и ќе ги определат мерките и активностите за заштита на земјиштето од ерозија и за управување со поројните води врз основа на техничка документација (член 135 од Законот за води). Деталните правила ќе бидат определени со правилник кој ќе биде донесен од МЖСПП и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;

-Единиците на локална самоуправа заедно со „Водостопанство“ А.Д. се задолжени за имплементација на мерките за уредување на поројните води на нивното подрачје (член 141);

-Единиците на локална самоуправа се задолжени за вадење на песок, камен и чакал од коритата и бреговите на површинските водни тела во урбаните подрачја и подрачјата кои не се под надлежност на „Водостопанство“ А.Д. (и нејзините подружници), додека „Водостопанство“ А.Д. е надлежно за своето подрачје. Вадењето се врши врз основа на дозвола издадена од МЖСПП и носителите на дозволата се должни да водат евиденција (членови 142-142-г);

-Единиците на локална самоуправа ќе подготват, усвојат и објават извештаи за активностите реализирани во претходната година и активностите кои се очекуваат наредната година во однос на заштитата од опасните последици на водата (заштита и одбрана од поплави, уредувањето и одржување на природните и уредените водотеци и другите површински води, заштита од ерозија и порои, одбрана од замрзнување на површинските водни тела и заштита и подобрување на режимот на водите со вадење на песок, камен и чакал), како и мерките што тие ги сметаат за потребни заради спречување и ублажување на последиците од штетното дејство на водите на земјиштето во нивното подрачје (член 143). Овие извештаи се доставуваат до МЖСПП на одобрување, најдоцна до 31 март;

-Единиците на локална самоуправа можат да формираат локални мрежи за мониторинг на водните тела кои се наоѓаат на нивното подрачје а не се опфатени со мерните места на државната мрежа за мониторинг (член 145);

-Единиците на локална самоуправа се исто така задолжени за мониторинг на водите за капење. Податоците од локалната мрежа за мониторинг и податоците од мониторингот на водите за капење ќе бидат доставени до МЖСПП. Во случај кога зоната за капење се наоѓа на подрачје на две или повеќе општини, мониторингот ќе се врши преку взаемна соработка и координација, пропорционално на големината на зоната за капење која се наоѓа во секоја единица на локалната самоуправа (член 146).

-Единиците на локална самоуправа ќе обезбедат водоснабдување со вода за пиење и нејзина заштита, што може да се направи со формирање на јавно комунално претпријатие задолжено за водоснабдување и обезбедување на вода за пиење (неколку единици на локална самоуправа можат да формираат заедничко јавно претпријатие (член 185);

-Во случај на отстапување од вредностите за квалитет и стандарди определени согласно

членот 183 од Законот за водите, единиците на локална самоуправа, во соработка со јавното комунално претпријатие, веднаш и без одлагање ќе ги преземат потребните мерки за санација и ќе определат рестрикции и забрани за користење на водата, по потреба, со цел повторно да се обезбеди безбедноста на водата и ќе го информираат органот надлежен за безбедност на храната (член 187, став 2). Во случај кога мерките за санација влијаат врз населението, единиците на локална самоуправа се должни веднаш да го информираат засегнатото население за преземените мерки и за мерките кои ќе се преземат за заштита на нивното здравје. Во случај мерките да траат повеќе од 14 дена, единицата на локална самоуправа веднаш ќе го информира Министерството за здравство за ограничувањата, за причините за ограничувањата, за преземените мерки и за нивното очекувано времетраење. (член 187);

-Надзор врз единиците на локална самоуправа врши МЖСПП, освен во случаи на водата за пиење и капење кога надзорот го врши Министерството за здравство (член 224);

-Инспекцијата се заснова на Законот за водите и на подзаконските акти донесени врз основа на Законот за водите (член 229).

**Закон за заштита на природата**
**Надлежности на единиците на локална самоуправа согласно овој Закон се следниве:**

-Единиците на локална самоуправа се одговорни за изготвување и имплементирање на стратегиска оцена на животната средина при изготвувањето на стратегии, планови и програми кои би можеле да имаат значително влијание врз природата (член 15);

-Стратегиска оцена на животната средина исто така се прави и за планови за управување со заштитени подрачја (член 17). Плановите за управување ги изготвува субјектот задолжен за управување со заштитените подрачја;

-Јавните и приватни проекти се предмет на процедурата за оценка на влијанието врз животната средина или на процедура за издавање елаборат (Член 18). Компензаторски мерки можат да бидат определени само со одлука донесена од МЖСПП (член 19);

-Единиците на локална самоуправа имаат индиректна надлежност во постапката на издавање дозволи за собирање на засегнати и заштитени диви видови растенија, габи и животни и нивни делови. Нивното собирање е забрането согласно членот 23, став 10, освен ако не е предвидено во плановите за управување и во годишните програми за управување. Подетални правила се наведени во членот 23 и Правилникот за содржина на дозволата за собирање на засегнати и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови (Службен весник бр.102/09);

-Единиците на локална самоуправа имаат индиректна надлежност во постапката на издавање било какви дозволи за научно истражување во заштитеното подрачје, затоа што тие назначуваат членови во Советот на заинтересирани страни на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје (член 24 од Законот за заштита на

природата и Правилникот за издавање дозволи за научно истражување во природата (Службен весник бр.101/09, 68/14));

-Доставување предлог за прогласување на строг природен резерват (Ia), подрачје со дивина (Ib), национален парк (II), споменик на природата (III), парк на природата (IV подрачје за управување со видови/ живеалишта), заштитен предел (V), повеќенаменско подрачје (VI заштитено подрачје со одржливо користење на природните ресурси) и природна реткост до МЖСПП. Предлозите за прогласување ќе ги содржат, *меѓу другото*, сите информации кои се основа за доставување на предлогот, картографски преглед како и стручна студија за валоризација или ревалоризација на подрачјето (техничка студија со која се оправдува предлогот) (член 94). Содржината на стручната студија за валоризација или ревалоризација е определена во Правилникот за содржина на студијата за валоризација или ревалоризација на заштитеното подрачје (Службен весник бр. 26/12);

-Единиците на локална самоуправа учествуваат со свои претставници во Советот на засегнати страни задолжен за управување со заштитеното подрачје (член 135 -а). Овој Совет дава мислења и предлози за нацрт планот за управување со заштитеното подрачје, предлози за ревидирање на овој план и за спроведување на посебни програми на тој план. Критериумите кои треба да ги исполни секој субјект задолжен за управување со заштитено подрачје ќе бидат определени во Правилник кој ќе го донесе МЖСПП;

-Единицата на локална самоуправа назначува претставник во Управниот одбор на јавната установа–Национален парк (член 138). Исто така, еден од изворите на финансирање на јавната установа – Национален парк е буџетот на единицата на локална самоуправа (Член 141-а);

-ЗЕЛС назначува еден член во Националниот совет за заштита на природата (член 145);

-Државниот Буџет и буџетите на единиците на локална самоуправа ќе обезбедат финансирање за заштита на природата (член 162, став 1), особено за имплементација на Националната стратегија за заштита на природата, за изготвување и имплементација на планови и програми за заштита на природата, на планови за управување со заштитени подрачја, изготвување и ажурирање на црвената листа на диви видови и црвената книга и на други планови и програми кои се донесени согласно Законот за заштита на природата (член 162, став 3). Владата ќе донесе Годишна програма за заштита на природата која ќе биде имплементирана од МЖСПП и од субјектите задолжени за управување со заштитени подрачја (член 162, став 4).

**Закон за заштита од бучавата во животната средина**
**Надлежности на единиците на локална самоуправа согласно овој Закон се следниве:**

-Изработување, донесување, употреба и чување на стратешки карти на бучава за агломерации и населени места. Единиците на локалната самоуправа ќе достават до МЖСПП стратешки карти на бучава за одобрување, во рок од 30 календарски денови од

датумот на нивното усвојување. МЖСПП има обврска да ги собере, чува и евидентира стратешки карти на бучавата кои биле одобрени (член 15);

-Изготвување, донесување, користење и чување на акциски планови за бучава за агломерации и населени места (изготвени врз основа на стратешките карти на бучавата); Единиците на локална самоуправа ќе ги достават акциските планови за бучава до МЖСПП на одобрување во рок од 30 календарски денови од датумот на нивно усвојување. МЖСПП е задолжено за собирање, чување и евидентирање на изготвените акциски планови за бучава (член 17);

-Имплементирање на правилата за учество на јавноста во изготвувањето на акциски планови за бучава (член 18) со што се имплементираат правилата определени во Уредбата за учество на јавноста;

-Имплементирање на мерки за заштита од бучава во животната средина наведени во членот 19, став 2, како што се следење на бучавата во животната средина, воведување времени ограничувања на емисиите на бучава во животната средина, ограничување или забрана за емисии на бучава во животната средина од познати извори, вршење акустични мерења и постојан надзор врз загадувањето на животната средина со бучава, спроведување на мерки за акустична заштита, планирање локации за извори на бучава во животната средина и/ или изградба и определување на содржини/ објекти кои треба да бидат заштитени од бучава, прилагодување на емисиите на бучава во животната средина од независни извори на бучава на определените максимални вредности и временски периоди, имплементирање мерки и услови за заштита од бучава во животната средина во просторните и урбанистички планови, информирање на јавноста и имплементација на други мерки за заштита од бучава во животната средина (член 19, став 2);

-Податоците обезбедени во постапката на изготвување на стратешки карти на бучавата ќе се користат при изготвување на просторни и урбанистички планови (член 15, став 12). Освен тоа, просторните и урбанистички планови и актите за нивна имплементација, ќе содржат мерки за справување со бучавата во животната средина (член 22). МЖСПП, во согласност со Министерството за транспорт и врски и Министерството за здравство ќе ги определат правилата за мерки на заштита од бучавата во животната средина кои ќе бидат вградени во просторните и урбанистички планови, со донесување на правилник;

-Во процесот на издавање градежни дозволи, единиците на локална самоуправа, заедно со МЖСПП, ќе утврдат дали доставените плански документи за кои е потребна градежна дозвола се во согласност со стандардите, условите и мерките за заштита од бучава (член 23);

-Формирање на локална мрежа за мониторинг е по желба на единицата на локална самоуправа („може“), врз основа на мислење од МЖСПП (МЖСПП е задолжено за формирање на државна мрежа за мониторинг на бучавата во животната средина). Ако единицата на локална самоуправа воведе ваков мониторинг, ќе треба да донесе годишна програма за работа на локалната мрежа за мониторинг на бучавата во животната средина и истата ќе ја достави до МЖСПП на одобрување (членови 26, 27 и

28); Единицата на локална самоуправа може да делегира одредена стручна работа за мониторинг на бучавата во животната средина од поединечни извори кои се наоѓаат на нејзината територија, на овластени научни и стручни организации и лица, како и на други правни и физички лица (член 31);

-Бесплатно доставување на податоци од мониторингот до МЖСПП, врз основа на кои МЖСПП подготвува и доставува извештаи од мониторингот до Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Центарот за известување и предупредување, единиците на локална самоуправа и други државни тела и институции (член 32);

-Воспоставувањето катастар на бучавата во животната средина на нивното подрачје е по желба на единиците на локална самоуправа („можат"). Во случај да воспостават ваков катастар, ќе доставуваат податоци до МЖСПП најмалку еднаш месечно (член 35);

-Објавување на стратешките карти на бучавата и акциските планови за бучава, известување за други мерки за заштита од бучавата во животната средина и мерки и активности за унапредување на состојбата на подрачјето на единицата на локална самоуправа кои биле имплементирани во претходната година, како и мерки и активности планирани да бидат имплементирани следната година; правилата за објавување се определени во Законот за животна средина (член 36);

-Овозможување пристап на јавноста до податоците/ информациите за бучава во животната средина согласно правилата определени во Главата VIII од Законот за животна средина (членови 51-58) и Правилник за начин и постапка за обезбедување пристап до информации за животната средина (Службен весник бр.93/07);

-Делување согласно правилата за посебни извори на бучава во животната средина и условите за заштита кои треба да бидат определени од надлежните тела, на начин определен со Законот за заштита од бучава во животната средина (види делот 4 од правната анализа, подолу во текстот);

-Финансирање на управувањето со бучава во животната средина за кои се надлежни единиците на локална самоуправа од буџетите на единиците на локална самоуправа и од други извори определени со закон, особено за целите на имплементација на Годишната програма за работа на локалната мрежа за мониторинг на бучава во животната средина, изготвување на стратешки карти на бучава и акциски планови за бучава, информирање и едуцирање на населението и имплементација на други мерки кои се спроведуваат согласно Законот за заштита од бучава во животната средина (член 44); казните кои се наплатени а изречени од овластените инспектори за животна средина (локални инспектори) се сметаат за приход во буџетот на единицата на локална самоуправа (член 44-а);

-Инспекциски надзор од овластени инспектори за животна средина (локални инспектори) во врска со локалните надлежности за бучавата во животната средина (член 45) (Државен здравствен и санитарен инспекторат во рамките на Министерството

за здравство кој исто така има надлежности и за инспекција во врска со мерките за спречување и намалување на штетните ефекти од бучавата во животната средина врз човековото здравје; Државниот пазарен инспекторат во однос на пласирање на пазарот на машини, возила, уреди, опрема и апарати за домаќинство; и Државен инспекторат за техничка инспекција во врска со ставањето во употреба на машини, уреди и опрема – двата инспекторати се во рамките на Министерството за економија). Локалните и државни инспектори можат да побараат помош од Министерството за внатрешни работи (член 46). Овластените инспектори за животна средина ќе водат евиденција за инспекциите кои ги реализирале и ќе изготвуваат тримесечен извештај кој ќе биде објавен на интернет страницата на единиците на локална самоуправа (член 51-б);

-МЖСПП ќе врши надзор врз работењето на единиците на локална самоуправа во заштитата од бучава во животната средина (член 45).